Архивски знак:________
Рок на чување______
_________ 20 ____ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: | 05.01.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 14/1 | | |

**До: Општина Пробиштип** ______________
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 15 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), од имателот ги бараме следните информација од јавен карактер):

1. Дали во рамки на Вашата општината е формиран "Локален совет за превенција"?
 ***Напомена:*** *Под терминот "Локален совет за превенција"* ***не се мисли на*** *"Локален совет за превенција од малолетничко престапништво" според Закон за правда на децата*

Доколку одговорот на прашање 1 е потврден/позитивен:

2. Колку седници/состаноци на "Локалниот совет за превенција" се одржани во текот на мандатот на советот на Вашата општина во периодот 2017-2021?

3. Од кои институции-тела доаѓаат членовите на "Локалниот совет за превенција" во Вашата општина? (**Појаснување:** Кои институции и тела се претставени во "Локалниот совет за превенција" на општината)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) **фотокопија или електронски запис**
- д) друго--------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) **по пошта** или
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго--------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:
**Здружение на граѓани ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии**
**Петар Поп Арсов бр. 16-5/2, 1000 Скопје, тел./факс 02/ 321- 7511,**

e-mail: info@eurothink.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Димитар Николовски**
**Петар Поп Арсов бр. 16-5/2, 1000 Скопје, тел./факс ++ 38923217511,**
**e-mail: Dimitar.nikolovski@eurothink.mk**

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Потпис:

Датум: **30.12.2021 година**

Димитар Николовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-14/2
25.01 2022 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот **Здружение на граѓани ЕВРОТИНК-Центар за европски стратегии ул.„Петар Поп Арсов" бр.16-5/2, Скопје** поднесено на ден **05.01.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Пробиштип** го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од **Здружение на граѓани ЕВРОТИНК-Центар за европски стратегии ул.„Петар Поп Арсов" бр.16-5/2, Скопје** наш бр.24-14/1 од 05.01.2022 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

- Дали во рамки на Вашата општина е формиран„Локален совет за превенција„? Напомена: под терминот„локален совет за превенција" не се мисли на „Локален совет за превенција од малолетничко престапништво" според Законот за правда на децата
- Колку седници/состаноци на Локалниот совет за превенција се одржани во текот на мандатот во состав на Вашата општина во периодот од 2017-2021 година?
- Од кои институции-тела доаѓаат членовите на Локалниот совет за превенција во Вашата општина? (Појаснување: Кои институции и тела се преставени во Локалниот совет за превенција на општината)

Се УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од **Здружение на граѓани ЕВРОТИНК-Центар за европски стратегии ул.„Петар Поп Арсов" бр.16-5/2, Скопје** имателот на информацијата **Општина Пробиштип**

Ви ја доставува информацијата:

- Во општина Пробиштип е формиран Локален Совет за Превенција со Одлука бр.07-465/4 од 05.05.2008 година донесена од страна на Советот на општина Пробиштип;
- Во 2017 година нема одржано седница, во 2018 година одржани се две седници, во 2019 година одржана е една седница и во 2021 година одржана е една седница;
- Во Локалниот Совет за превенција членуваат преставници од следните институции:

-Основно јавно обвинителство;
-Командир на полициска станица-Пробиштип;
-Инспектор по превенција во ПС Пробиштип;
-Претседател на Советот на општина Пробиштип;
-Претставници од Советот на општина Пробиштип;
-Претставници од Советодавната граѓанска група;

-Претставници од Министерството за образование;
- Претставници од Министерството за здравство;
- Претставници од Невладините организации во општина Пробиштип;
- Претставници од религиозните заедници;
-Претставник од Центарот за социјални работи;
- Претставници од медиумите;
- Истражувачи од доменот на социјалните феномени;
- Соодветни личности кои можат да придонесат со нивната експертиза;

Во Прилог: Одлука за формирање на Локалниот совет за превенција бр.07-465/4 од 05.05.2008 година донесена од страна на Советот на општина Пробиштип;

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Пробиштип на 25.01.2022 година, под бр.24-14/2.**

По овластување на Градоначалникот на Општина Пробиштип
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Анкица Ѓеновска-Советник за правни работи и јавни набавки

__________________________

Јованка Данева-Раководител на одделение за правни и општи работи

__________________________

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

__________________________

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-14/3
25.01 2022 год.
ПРОБИШТИП

ПРОПРАТНО ПИСМО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ОДГОВОР ПО БАРАЊЕ

Датум: **25.01.2022 година**
**ДО: на граѓани** ЕВРОТИНК-Центар за европски стратегии ул.„Петар Поп Арсов" бр.16-5/2, Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации **Општина Пробиштип**
**ВРСКА:** 24-14/1 од 05.01.2022 година

Почитувани,
Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог ви се доставува Решение по бараната информација.

Во Прилог ви се доставуваа и:

Одлука за формирање на Локалниот совет за превенција бр.07-465/4 од 05.05.2008 година донесена од страна на Советот на општина Пробиштип;

Со почит,
Анкица Ѓеновска, службено лице

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) а во врска со член 11 став 3 и член 25 став 3 од Законот за полиција (Службен Весник на РМ бр.114/2006), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 05.05.2008годна, ја донесе следната:

***ОДЛУКА***
***за формирање на Локален Совет за Превенција***

Член 1

Се формира Локален Совет за Превенција на општина Пробиштип како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработката и зацврстување на влијанисто на јавноста во работата на полицијата.

Член 2

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Пробиштип како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Локалниот Ссовет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт како и други владини и невладини организации.

Член 4

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на општина Пробиштип.

Член 5

Претставници во Локалниот Совет за Превенција на општина Пробиштип се од следните институции:

- Основно јавно обвинителство
- Командир на полициска станица-Пробиштип;
- Инспектор по превенција во ПС Пробиштип;
- Претседател на Советот на општина Пробиштип
- Претставници од Советот на општина Пробиштип;
- Претставници од Советодавната граѓанска група;
- Претставници од Министерството за образование;
- Претставници од Министерството за здравство;
- Претставници од Невладините организации во општина Пробиштип;
- Претставници од религиозните заедници;

- Претставник од Центарот за социјални работи;
- Претставници од медиумите;
- Истражувачи од доменот на социјалните феномени;
- Соодветни личности кои можат да придонесат со нивната експертиза.

Член 6

Се задолжуват институциите наведени во членот 5 од оваа одлука да делегират свои преставници во Локалниот Совет за Превенција на општина Пробиштип.

Член 7

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

***Број 07-465/4***
***05.05.2008 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***Трендафилка Пановска***